Државен завод
за статистика

Ревизија на податоците за регионалните сметки, 2018 – 2023 година

Државниот завод за статистика спроведе голема (бенчмарк) ревизија на регионалните сметки за периодот 2018 – 2023 година како последователен процес на бенчмарк-ревизијата на националните сметки за истиот период, со цел обезбедување повисок квалитет, подобра споредливост и целосна усогласеност на регионалните податоци со ревидираните национални сметки и најновите европски и меѓународни статистички стандарди.

Ревизијата на регионалните сметки е спроведена согласно со Политиката за ревизија на статистичките податоци и релевантните препораки на хармонизираната европска политика за ревизија на Евростат, со примена на подобрени методологии, унапредени извори на податоци и усогласување на меѓународните статистички стандарди.

Методолошка основа за бенчмарк-ревизијата на регионалните сметки се Европскиот систем на сметки – ЕСС 2010 (ESA 2010) и Прирачникот на Евростат за методите на регионалните сметки.

Ревизија на бруто-домашниот производ, бруто-додадената вредност и бруто-домашниот производ по жител и по региони

Бруто-домашниот производ (БДП) и бруто-додадената вредност (БДВ) по региони претставуваат основни показатели за мерење на економската активност и економските перформанси на регионите. Нивната регионална распределба овозможува анализа на структурата на економијата, придонесот на одделните региони во националното производство, како и да се согледаат разликите во нивото и динамиката на економскиот развој.

Во процесот на ревизијата применети се подобрени методи за регионализација на националните агрегати, особено во регионализацијата на деловните субјекти што се регистрирани во повеќе региони, кај кои е направен посеопфатен избор на клучевите за распределба, пред сè, бруто-платите, бројот на вработените и други релевантни регионални информации во зависност од конкретната дејност и од неговата соодветност за прикажување на регионалната структура на економската активност. Притоа, неопходно е да се обезбеди усогласеност меѓу збирот на регионалните вредности и соодветните национални агрегати.

За пресметките на бруто-домашниот производ по жител и по региони се користени податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите, 2021 година.

Табела 1. Структура на регионалниот бруто-домашен производ, 2018 – 2023 година

Ревидирани податоци	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0
Вардарски Регион	7.2	7.6	7.9	7.6	6.4	5.9
Источен Регион	8.2	7.8	9.1	7.8	8.1	7.4
Југозападен Регион	8.1	8.0	7.8	8.5	7.7	8.4
Југоисточен Регион	9.5	9.1	8.0	8.3	8.4	8.7
Пелагониски Регион	11.2	11.1	10.4	10.3	10.4	10.8
Полошки Регион	7.2	7.4	7.8	7.3	7.5	7.3
Североисточен Регион	4.7	4.6	4.7	4.7	4.7	4.5
Скопски Регион	43.9	44.5	44.3	45.5	46.8	46.9
Разлика во %	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	1.5	2.2	3.1	4.4	6.6	5.7
Вардарски Регион	-4.7	-2.4	4.3	1.7	1.3	-0.3
Источен Регион	0.4	-1.0	15.7	-1.7	9.0	6.7
Југозападен Регион	-1.3	1.5	0.6	2.5	-6.2	3.6
Југоисточен Регион	3.2	0.7	-8.4	2.0	3.7	2.2
Пелагониски Регион	1.3	0.8	-4.0	2.1	7.2	4.9
Полошки Регион	1.3	2.6	8.8	4.3	9.3	2.9
Североисточен Регион	-3.0	-1.9	1.3	2.7	9.1	5.9
Скопски Регион	3.6	4.8	4.4	7.6	9.1	8.0

Табела 2. Регионален бруто-домашен производ по жител, МК = 100, 2018 - 2023

Ревидирани податоци	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0
Вардарски Регион	94.4	99.3	104.5	100.6	85.2	78.7
Источен Регион	97.4	94.0	110.8	95.5	99.2	92.0
Југозападен Регион	81.7	81.6	80.2	88.1	80.2	87.5
Југоисточен Регион	116.1	111.0	97.9	103.0	104.8	107.9
Пелагониски Регион	96.6	96.1	90.1	89.6	90.7	94.9
Полошки Регион	51.7	53.0	56.7	53.0	54.3	53.2
Североисточен Регион	55.8	54.5	55.6	56.7	56.8	54.0
Скопски Регион	137.6	138.1	135.8	137.8	141.2	141.2
Разлика во %	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	11.6	13.1	15.1	4.4	6.6	5.7
Вардарски Регион	0.7	3.6	11.6	1.6	1.3	-0.3
Источен Регион	11.2	10.5	30.8	-1.7	9.0	6.7
Југозападен Регион	15.6	20.7	21.7	2.3	-6.2	3.6
Југоисточен Регион	15.5	13.6	4.7	1.9	3.7	2.2
Пелагониски Регион	6.0	6.0	1.4	2.1	7.2	4.9
Полошки Регион	23.5	26.9	37.2	4.1	9.3	2.9
Североисточен Регион	7.5	9.5	14.5	2.6	9.1	5.9
Скопски Регион	8.1	9.6	9.2	7.8	9.1	8.0

Ревизија на бруто-инвестициите во основни средства по региони

Бруто-инвестициите во основни средства претставуваат важен показател за инвестициската активност и за создавањето производствени капацитети во економијата. Тие ги опфаќаат вредноста на набавките на основни средства, намалена за отуѓувањата, односно за продажбите на основните средства, како и одредени дополнувања на вредноста на непроизведените средства поврзани со производствената активност, во согласност со методологијата на ЕСС 2010.

Ревизијата на овој показател може да произлезе од ажурирање и дополнување на податоците за инвестициите од деловните субјекти, административните извори и статистичките истражувања, како и од корекции на вредностите на инвестициите на национално ниво. Дополнително, подобрувањето на информациите за дејноста и територијалната локација на единиците што ги реализираат инвестициите може да овозможи попрецизна регионална распределба.

Особено важно е правилното определување на регионот во кој се реализира инвестициската активност. Кај деловните субјекти што работат на повеќе локации, инвестициите не мора целосно да се однесуваат на регионот во кој се наоѓа нивното седиште. Поради тоа, подобрените информации за локалните единици и местото на реализација на инвестициите може да влијаат врз регионалната распределба на овој показател.

Примената на ажурирани податоци и усогласени методолошки решенија придонесува за поголема точност и споредливост на регионалните инвестициски показатели.

Ревидираните вредности за бруто-инвестициите во основни средства по региони поверодостојно ја одразуваат реалната инвестициска активност на одделните региони.

Табела 3. Структура на регионалните бруто-инвестиции во основни средства, 2018 – 2023 година

Ревидирани податоци	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0	100.0
Вардарски Регион	6.2	6.5	6.2	5.4	7.8	5.8
Источен Регион	8.9	9.0	8.8	7.9	7.7	6.4
Југозападен Регион	9.9	9.4	8.5	7.8	9.1	10.7
Југоисточен Регион	6.4	6.6	6.0	6.0	6.4	5.1
Пелагониски Регион	8.2	7.1	6.4	7.6	9.3	8.0
Полошки Регион	5.0	4.6	4.3	5.7	5.6	8.6
Североисточен Регион	3.9	3.7	3.6	4.4	3.8	3.3
Скопски Регион	51.5	53.1	56.2	55.3	50.4	52.1
Разлика во %	2018	2019	2020	2021	2022	2023
Република Северна Македонија	6.4	5.9	5.9	7.5	8.6	7.8
Вардарски Регион	4.7	6.0	12.3	21.4	12.0	17.6
Источен Регион	15.4	3.8	5.2	9.4	23.6	36.9
Југозападен Регион	1.9	-5.5	19.4	20.0	7.1	4.4
Југоисточен Регион	17.2	8.4	13.5	5.0	7.9	31
Пелагониски Регион	-2.4	9.3	11.3	-0.9	-5.8	-1.2
Полошки Регион	10.2	-3.5	20.1	0.4	8.2	-9.6
Североисточен Регион	25.5	-13.6	31.1	9.6	29.5	50.4
Скопски Регион	4.8	10.6	0.2	6.7	8.3	5.8